Влада на Република Северна Македонија

Република Северна Македонија
Геолошки завод на Република Северна Македонија
Бр. 01-73/1
05.03.2021 година

Предлагач:	Геолошки завод на Република Северна Македонија

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот:	Годишен извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за 2020 година
	ЕПП бр. _____

Усогласеност со Годишната програма на Владата: Материјалот не е предвиден со ГПВРСМ

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:

(ДА)	ДЕЛУМНО	НЕ

Карактер на материјалот: Слободен пристап

слободен пристап	ограничена употреба	класифицирани информации (државна тајна, строго доверливо, доверливо, интерно)

Итност на материјалот: Редовна постапка

Прилози:

- Образец за проценка на фискалните импликации,
- Барање на Мислење од Министерство за финансии,
- Барање на Мислење од Министерство за економија,
- Барање на Мислење од Секратаријатот за законодавство и
- Барање на Мислење од Кабинет на заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања
- Барање на Мислење од Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

Дата на доставување на материјалот:	**ПОТПИС:**
05/03/2021 година Скопје	Директор, Д-р Науаф Баара

Влада на Република Северна Македонија

1.Осврт по материјалот:
Материјалот се однесува на законската обврска содржана во член 5 алинеја 3 од Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 41/14, 61/16 и 64/18) за изготвување на годишен извештај за работата кој се доставува до Владата на Република Северна Македонија на усвојување најдоцна до 31 март.
2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):
3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:
4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош:
ДА / (НЕ)
Дали е донесена одлука на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста на државната помош:
ДА / (НЕ)
5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог)
ДА / (НЕ)
6. Усогласеност со преземените обврски од ратификуваните меѓународни договори:
Не е потребна усогласеност
7. Решение кое се препорачува (со образложение):
Усвојување на Годишниот извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за 2020 година согласно законската обврска содржана во член 5 алинеја 3 од Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 41/14, 61/16 и 64/18).
8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:
Образецот за проценка на фискалните импликации е даден во прилог
9. Очекувани влијанија:
10.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:
(ДА) / НЕ
Барањето на мислење е дадено во прилог
11.Оценка на Министерството за информатичко општество и администрација по материјалот:
ДА / (НЕ)
12. Клучни информации за информирање на јавноста:
Запознавање на Владата на Република Северна Македонија со работата на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за 2020 година

Влада на Република Северна Македонија

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

1. Назив на предлогот:	**2. Министерство / орган на државна управа :**
Годишен извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за 2020 година	Геолошки завод на Република Северна Македонија
3. Цел на предлогот:	**4. Вид на предлог:**
Усвојување на Годишен извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за 2020 година	Годишен извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за 2020 година
5. Контакт лице и звање:	**6. Контакт тел./факс или е-пошта:**
Д-р Науаф Баара, директор на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија	071/346-456; 02/3111-623 nawaf.baara@geol.gov.mk

7. Активност:		
Спроведување на постапка за усвојување на Годишен извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за 2020 година		
8. Вид на барање:		
( ) Регулатива во врска со ЕУ	( ) Нова програма	( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми
( ) Друга нова регулатива	( ) Зголемување / намалување на постоечка програма	( ) Спојување на две или повеќе програми

9. Цел на барањето / предложената активност:

Усвојување на Годишен извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за 2020 година

10. Врска со владината програма:

11. Фискални импликации:	**(илјади денари)**			
	Тековна год.	**Втора год.**	**Трета год.**	**Четврта год.**
А.Вкупни трошоци за предлогот				
Плати	-	-	-	-
Стоки и услуги	-	-	-	-
Капитал	-	-	-	-
Трансфери	-	-	-	-
Вкупно	-	-	-	-
В.Одобрени средства за предлогот				
Плати	-	-	-	-
Стоки и услуги	-	-	-	-
Капитал	-	-	-	-
Трансфери	-	-	-	-
Вкупно	-	-	-	-
С.Промена (разлика) од одобрените средства (В-А)	-	-	-	-
Плати	-	-	-	-
Стоки и услуги	-	-	-	-

Капитал Трансфери Вкупно	- - -	- - -	- - -	- - -
D.Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот) Плати Стоки и услуги Капитал Трансфери Вкупно	- - - - - -	- - - - - -	- - - - - -	- - - - - -
E. Нето импликации на средствата на органот (C-D) Плати Стоки и услуги Капитал Трансфери Вкупно	- - - - - -	- - - - - -	- - - - - -	- - - - - -
F. Зголемување / намалување на приходите	-	-	-	-
G. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците Извор:_____	-	-	-	-
12. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот:	-	-	-	-
13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 G)	-			
14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение	-			
15. Дата на завршување на проценката	-			
16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење	-			
17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии	-			
18. Измени побарани од Министерството за финансии	-			
19. Одговор на министерството-предлагач:	-			
20. Одговор од Министерството за финансии:	-			
21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог	-			
22. Одобрено / Дата:				
_____ Потпис на државен секретар или директор на орган	05/03/2021 Ден / месец / год.	_____ Потпис на министерот	___ /___ /_____ Ден/ месец/год.	

Влада на Република Северна Македонија

ИНСТИТУЦИЈА:
Геолошки завод на Република Северна Македонија

М Е М О Р А Н Д У М

НАСЛОВ:
ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ГЕОЛОШКИОТ ЗАВОД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

Директор,
Д-р Науаф Баара

Скопје,
05.03.2021 година

1. ВОВЕД

Согласно член 5 став (1) алинеја 3 од Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/12, 41/14, 61/16 и 64/18) Геолошкиот завод на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Заводот) изготвува годишен извештај за работа и го доставува на усвојување до Владата на Република Северна Македонија.

Годишниот извештај содржи податоци за видот и обемот на реализирани и спроведени активности во надлежност на Заводот за периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година.

Во општиот дел прикажани се одговорностите и надлежностите на Заводот, организацијата, начин на функционирање и едукацијата на вработените.

Стручно - техничкиот дел ги содржи податоци за активностите на Заводот, со приказ на тековните активности, активности за архивирање, управување и издавање на податоци од геолошките истражувања, за издавање на согласност за вршење на научни геолошки истражувања, за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошката документација и за имплементација на геолошкиот информациски систем (ГИСРМ) во геологијата.

Финансискиот дел содржи податоци за спроведени јавни набавки и за финансиското работење на Заводот во 2020 година.

I. ОПШТ ДЕЛ

1. Надлежности

Заводот е стручна, самостојна, управна организација, основана заради вршење на основните геолошки истражувања од јавен интерес на Република Северна Македонија, со својство на правно лице. Надлежностите на Заводот се утврдени со Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/12, 41/14, 61/16 и 64/18) и друг закон.

Согласно член 4 од Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија, Заводот е надлежен да:

- врши истражувачки, стручно аналитички и други работи од областа на основните геолошки истражувања кои се од јавен интерес на Република Македонија, а кои се однесуваат на изработка на основните геолошки, хидрогеолошки, инженерско-геолошки, геохемиски и сеизмотектонски карти и други геолошки карти;
- врши подготовка за нивно печатење,
- врши утврдување на закономерноста на концентрацијата и разместувањето на природните минерални суровини во земјината кора,

- ги подготвува геолошките подлоги за просторно планирање, градежништво, водоснабдување, земјоделство, шумарство, урбанизација и изградба на инфраструктурни објекти,
- учествува во изработката на стратегијата за геолошки истражувања, одржливо искористување и експлоатација на минералните суровини,
- воспоставува контакти со меѓународни геолошки институции преку размена на геолошки информации, за геолошкиот состав и структура на земјината кора, подготвува и реализира заеднички истражувачки проекти,
- ги подготвува податоците за меѓународниот геолошки информациски систем и за Националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија од областа на геологијата;
- ја предлага програмата за основните геолошки истражувања на просторот на Република Македонија до Владата на Република Македонија,
- врши архивирање, управување и издавање на геолошка документација и геолошки податоци од научните, проспекциските, основните и деталните геолошки истражувања, резултати во сопственост на Република Македонија и на геолошката документација за утврдување на геолошките, хидрогеолошките и геотехничките особини на тлото за потребите на изградба на објекти;
- води катастар на наоѓалишта и појави на минерални суровини во Република Македонија;
- дава геолошки услуги за подготовка на геолошка документација во нестандардни формати;
- го креира и да го развива единствениот геолошки информациски систем на Република Македонија (во натамошен текст: ГИСРМ) и и да дава информации и податоци на корисниците на резултатите од геолошките истражувања.
- врши и други работи пропишани со овој и друг закон.

Согласно член 7 став (1) и член 34 став (3) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19) Заводот е надлежен за:

- издавање на согласност за вршење на научни геолошки истражувања и
- вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошката документација.

Согласно член 20 од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/14 и 106/16) Заводот е дел од Советот на националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија (Советот на НИПП).

Работењето на Заводот се заснова врз принципи на законитост, стручност, професионалност, транспарентност и одговорност за работењето.

2. Организациска поставеност и начин на функционирање

Согласно актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Заводот утврдени се вкупно 29 работни места систематизирани во пет одделенија, и тоа:

- Одделение за геолошка карта и геолошки информационен систем,
- Одделение за геофизика и геотермија,
- Одделение за минерални суровини,
- Одделение за хидрогеологија и инженерска геологија и
- Одделение за финансиски прашања, правни прашања и општи работи.

Од вкупниот број на утврдени работни места, заклучно со 31.12.2020 година пополнети се 11 работни места. Структурата на вработените во Заводот, заклучно со 31.12.2020 година е прикажана во Табела бр. 1.

Табела бр. 1 Структура на вработени во Заводот

РБ	Работно место	Број на извршители
1.	Советник	3
2.	Виш соработник	2
3.	Соработник	3
4.	Помлад соработник	2
5.	Помошно техничко лице	1
	Вкупно:	**11**

Со Заводот раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија за време од четири години, со право повторно да биде именуван.

Заводот со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија секоја година склучува договор за вршење на општи и заеднички работи и услуги со надоместок, за посредување и услуги без надоместок. Согласно тоа, комуникациски услуги - фиксна и мобилна телефонија, набавка на услуги за резервација на авиобилети и билети за железничкиот сообраќај, службени патувања во странство, како и за услуги за тековно одржување на деловни простории Заводот ги набавува со посредување и со надоместок преку Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија. Сметководствено - финансиските работи за Заводот ги врши Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, како услуга без надоместок.

Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15), Заводот преку назначениот координатор и заменик координатор допринесува кон покомплексен пристап кон ова прашање по насоки на Министерството за труд и социјална политика. Основните податоци во Заводот покажуваат позитивна насока на родовата еднаквост и еднаквите можности за жените и мажите.

3. Едукација и стручно усовршување на вработените

Со цел стекнувања на знаења и вештини за развој на секоја општа компетенција дадена во Рамката за општи работни компетенции за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/14) Заводот носи годишен план за обуки кои ги организира и спроведува Министерството за информатичко општество и администрација.

Покрај генеричките обуки, едукацијата и стручното усовршување на вработените се реализира и преку нивно учество во обуки, собири и конгреси, како што се:

- советувања поврзани со ефикасноста и ефективноста во планирањето на јавните набавки, мониторинг и известување за реализација,
- советувања за практична примена на новите прописи за јавниот сектор, заштитата на личните податоци, слободен пристап до информации од јавен карактер, даночното работење и финансиската дисциплина,
- советување за новините во управната постапка, работните односи и даночното работење на јавниот сектор и сл.
- учество на работилница организирана од Агенцијата за катастар на недвижности на теми поврзани со управување и уредување на просторни податоци во склоп на НИПП (Национална инфраструктура на просторни податоци).

II. СТРУЧНО - ТЕХНИЧКИ ДЕЛ

4. Тековни активности

Во текот на 2020 година позначајни активности се:

- изготвен, доставен за усвојување и усвоен од Владата на Република Северна Македонија Годишниот извештај за реализација на Програмата за основни геолошки истражувања за 2019 година,
- изготвен, доставен за усвојување и усвоен од Владата на Република Северна Македонија Годишниот извештај за работата на Заводот во 2019 година,
- целосна реализиција на Програмата за основни геолошки истражувања за 2020 година,
- издавање на геолошка документација,
- вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација,
- давање советодавни услуги (стручни мислења, информации и анализи од областа на геологијата и минералните суровини) на Владата на Република Северна Македонија и на другите државни органи и
- работа на дигитализација на Основна геолошка карта на РМ во размер 1: 25 000 со методологија на ГИС. Во 2020 година се продолжи со дигитализацијата и притоа се дигитализираа точкастите објекти. Во тек е дигитализација на линиските и и полигонските објекти како и нивна атрибутизација.

5. Програма за основни геолошки истражувања за 2020 година

Согласно Програмата за основни геолошки истражувања за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 277/19) и Програмата за изменување и дополнување на Програмата за основни геолошки истражувања за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 288/20) целосно се реализирани следните позиции изразени со финансиски показатели во Табела бр. 2.

Табела бр. 2 Предвидени позиции за реализација со Програмата за основни геолошки истражувања за 2020 година

Ред. број	Опис	Износ (денари)
1.	Изработка на Основна хидрогеолошка карта во размер 1 : 100 000, лист Качаник (III фаза на реализација)	1.200.000
2.	Проект за основни геолошки истражувања на геотермалниот потенцијал во Република Северна Македонија	Не се потребни средства

За Програмата за основни геолошки истражувања Заводот има законска обврска, согласно член 5 алинеја 3 од Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија да изготви годишен извештај за нејзина реализација, најдоцна до 31 март. Детално во тој извештај е образложена реализацијата на Програмата за основни геолошки истражувања за 2020 година.

6. Стручна оцена (ревизија) на геолошката документација

Согласно Законот за минерални суровини, заради проверка и контрола во поглед на пропишаните мерки, стандарди и технички нормативи за заштита при работа, сигурноста на луѓето, на подземните, површинските и соседните објекти и заштитата на животната средина, како и во поглед на примената на современите достигнувања и методи во геологијата и другите научни и технички дисциплини на изработената геолошка документација се врши стручна оцена (ревизија) која ја врши Комисија за ревизија формирана од Заводот.

Во текот на 2020 година, примени се 39 барања за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација за кои се формирани комисии за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација.

Согласно Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошката документација и рударските проекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 155/15 и 5/18), по основ на услуга за извршена стручна оцена (ревизија) на геолошка документација вкупно наплатени се средства во износ од 1.565.000 денари и истите согласно член 34 став (6) од Законот за минерални суровини се приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

Во Табела бр. 3 прикажани се барањата за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација со финансиска импликација.

Табела бр. 3 Барања за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација со финансиска импликација

Ред. број	Геолошка документација	Барател	Износ
1	Хидрогеолошки елаборат од деталните хидрогеолошки истражувања за потребите за проектирање на реињекциони дупнатини за враќање на вишокот вода во примарните водоносни средини на локалитетот во атарот на с.Егри, општина Битола	ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ АД Скопје	45.000
2	Елаборат од извршените детални геолошки истражувања и пресметка на резервите на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Црвени брегови“, општина Неготино	Градба Промет ДОО Кавадарци	30.000
3	Проект за детални геолошки истражувања-доистражувања на концесискиот простор на рудникот Тораница	БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип	60.000
4	Проект за детални геолошки истражувања-доистражувања на минерална суровина- руди на бакар на североисточниот дел од централното рудно поле, експлоатационо поле Бучим	БУЧИМ ДОО Радовиш	60.000
5	Елаборат за прекатегоризација на рудни резерви на минерална суровина - бречирани мермери на концесискиот простор за експлоатација „Краста“, општина Гостивар	Карбо Нова АД Крива Паланка	30.000
6	Елаборат за детални геолошки истражувања на минерална суровина песок и чакал на локалитетот „Орловец“ општина Куманово	Отљанац Звонко ДООЕЛ Куманово	30.000
7	Елаборат за прекатегоризација на рудни резерви на минерална суровина - оникс и травертин на концесискиот простор за експлоатација „с.манастир“, општина Прилеп	ЕУРО МАРМО ГРАНИТИ ДОО Прилеп	45.000
8	Елаборат за прекатегоризација на рудните резерви на гипс на локалитетот „Село Долно косоврасти“ - општина Дебар	ДИГИПС ДОО Дебар	30.000
9	елаборат од извршените детални геолошки истражувања за состојбата сп минералната суровина мермер на просторот на кој е доделена постојната концесија за експлоатација на локалитетот „Самарница“	ВОЛОСТОНЕ ДОО Скопје	45.000
10	Елаборат за прекатегоризација на рудните резерви на минерална суровина базалт на локалитетот каменолом „Себрњак“ - Куманово	ГРАНИТ АД Скопје	30.000
11	Проект за детални геолошки истражувања на минерална суровина - минерална вода на локлаитетот „Прашник“ - општина Кавадарци	ДПТУ Кожувчанка ДОО Кавадарци	30.000

12	Проект за детални геолошки истражувања - доистражувањана концесискиот простор сокол-тораница, односно на просторот помеѓу профил 200 и профил 50	БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип	60.000
13	Елаборат за прекатегоризација на рудни резерви на минерална суровина доломитски мермер на локалитетот „Крст-Осинчани“ општина Студеничани	ГАМА ГРАДБА Скопје	30.000
14	Проект за детални хидрогеолошки истражувања - доистражувања на минерална суровина термоминерална вода на локалитетот „Стрновец“ општина Старо Нагоричане	ДГПТУ Голден Арт ДОО Скопје	30.000
15	Елаборат од извршените детални геолошки истражувања на минерална суровина- варовник на концесијата за проширување на лкалитетот „КРСТ“с.Осинчани, општина Студеничани	ГАМА ГРАДБА Скопје	30.000
16	Елаборат за прекатегоризација на рудните резерви на минерална суровина - мермер на локалитетот „Вуксан“ општина Липково	Илирија Комерц ДООЕЛ Липково	45.000
17	Проект за вршење на детални хидрогеолошки истражувања за потребите за проектирање на реињекциони дупнатини за враќање на вишокот вода во примарните водоносни средини на локалитетот во атарот на с. Егри, општина Битола	ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ АД Скопје	30.000
18	Елаборат за прекатегоризација на резервите на минералната суровина - травертин на локалитетот „Свиларе“ во атарот на село Свиларе, општина Сарај	Силекс АД Кратово	30.000
19	Елаборат за прекатегоризација на геолошките рудни резервина наоѓалиштето „Сиња Река“ за период од 2015-2020 година со состојба од 31.12.2019 година при рудник „САСА“ Македонска Каменица	Рудник САСА ДОО Македонска Каменица	90.000
20	Елаборат за прекатегоризација на рудни резерви на минерална суровина туф на локалитетот „Бело брдо“, општина Пробиштип	СТРМОШ АД рудници за неметали Пробиштип	30.000
21	Елаборат за детални геолошки истражувања на минерална суровина песок и чакал на локалитетот „дрвен Мост“, с. Шупли камен општина Куманово	Отљанац Sвонко ДООЕЛ Куманово	30.000
22	Елаборат за извршените детални хидрогеолошки истражувања на минерална суровина-минерална вода на локалитетот „Прашник“ општина кавадарци	ДПТУ Кожувчанка ДОО Кавадарци	45.000
23	Елаборат за прекатегоризација на рудните резерви на минерална суровина травертин и оникс на локалитетот „Гулабова Пештера“, с. Бешиште, Општина Прилеп	АРИНИ ФЕШН ДООЕЛ	45.000
24	Проект за детални геолошки истражувања на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Мерите“ општина Штип на локација на Пеком инженеринг увоз-извоз ДООЕЛ Штип	Пеком инженеринг	30.000
25	Елаборат за прекатегоризација на рудни резерви на минерална суровина травертин на концесискиот простор	РИ-ЕП ДОО, РИ и други, с.Велмеј,	45.000

	за експлоатација „Волескине-Набигори“, општина Дебарца	Белчиште	
26	Проект за детални геолошки истражувања на минерална суровина јаглен на локалитетот „ЗАБРДО“ општина Новаци	ЦМП КОП интрнатионал Скопје	90.000
27	Елаборат за прекатегоризација на рудни резерви на минерална суровина - доломит на концесискиот простор за експлоатација „Чајле“, општина Гостивар	Ел транс дооел Гостивар	30.000
28	Елаборат за извршените детални геолошки истражувања и пресметка на резервите на песокна локалитетот „Горна Лака“ с. Трстени, општина Росоман	Хрис Компани ДООЕЛ Росоман	30.000
29	Проект за детални геолошки истражувања на мермер на проширениот простор на концесијата „Самарница“ општина Прилеп и општина Долнени	ВОЛОСТОНЕ ДОО Скопје	20.000
30	Елаборат за прекатегоризација на рудни резерви на минерална суровина градежно-технички камен (калциски мермер) на локалитетот „Цуцул-Говрлевска краста“	Лабин Атанас ДООЕЛ Скопје	30.000
31	Елаборат за прекатегоризација на рудни резерви на минерална суровина варовник на локалитетот Кара Тарла с. Шашаварлија - општина Карбинци	Бау Инвест ДОо Виница	30.000
32	Елаборат од изведените детални геолошки истражувања-доистражувања на минерална суровина-руди на бакар на североисточниот дел од централното рудно тело, експлоатационо поле Бучим	ДПТУ Бучим ДОО Радовиш	90.000
33	Елаборат за прекатегоризација на резервите на минерална суровина - мермер на локалитетот „мемешли“, о. Струмица	8 НОЕМВРИ АД Неготино	30.000
34	Елаборат за прекатегоризација на рудните резерви на минерална суровина - мермер на локалитетот „Шарен камен“ - с. Преглово, општина Пласница	Марбел Артик ДОО Преголово Пласница	45.000
35	Елаборат за прекатегоризација на рудните резерви на минерална суровина - варовик на локалитетот „с.Бороец“ - општина Струга	АМ-ИС Транс увоз-извоз Велешта Струга	30.000
36	Елаборат за прекатегоризација на рудните резерви на минерална суровина варовник на локалитетот „Краста“ с.Бороец, општина Струга	ДООЕЛ Ми Транс Струга	30.000
37	Елаборат за извршените детални геолошки истражувања - пресметка на резервите на термоминеална вода на локалитетот „Смоквица“- општина Гевгелија	Ледра Агро ДОО Гевгелија	45.000
38	Елаборат за класификација и категоризација на резервите на минерална суровина - варовник на локалитетот „Локов“ с. Франгово, општина Струга	АСНЕРА ДООЕЛ Струга	30.000
39	Елаборат за извршените детални геолошки истражувања на минерална суровина - глина на локалитетот „Пара Нива“ општина Велес	Актsив Констракшн ДОО Скопје	30.000
		ВКУПНО	1.565.000

Во 2020 година ангажирани се надворешни членови - експерти кои не се вработени во органите на државната управа во комисии за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација.

Согласно член 34 став (7) од Законот за минерални суровини на надворешните членови - експерти кои не се вработени во органите на државната управа за секоја извршена стручна оцена (ревизија) им следува надоместок кој е исплатен согласно Одлука за утврдување на висината на надоместокот за работа на претседателот и членовите на Комисијата за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација (Бр. 02-89/1 од 19.03.2019 година).

Учеството на надворешните членови - експерти кои не се вработени во органите на државната управа во комисиите за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација во 2020 година со финансиски импликации е прикажано во Табела бр. 4.

Табела бр. 4 Ангажирани надворешни членови - експерти кои не се вработени во органите на државната управа со фискални импликации

РБ	Надворешен член - експерт кој не е вработен во органите на државната управа	Својство	Геолошка документација	Надомест
1	Златко Илијовски	член	Елаборат за прекатегоризација на рудните резерви на минерална суровина варовник на локалитетот „БРАЗДА“ - Чучер Сандево, „МАВРОВСКИ КОП“ (Барање од 2019, исплата во 2020)	7.500
1	Ефтим Мицевски	член	Елаборат за детални геолошки истражувања на минерална суровина песок и чакал на локалитетот „ДРВЕН МОСТ“, с. Шупли Камен општина Куманово	7.500
		претседател	Проект за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитет „Прашник“ - општина Кавадарци	9.500
2	Ласте Ивановски	член	Елаборат за прекатегоризација на рудните резерви на гипс од локалитетот „село Долно Косоврасти“- општина Дебар	7.500
		член	Елаборат за прекатегоризација на рудни резерви на минерална суровина - оникс и правертин на концесискиот простор за експлоатација „с. Манастир“, општина Прилеп	11.250
3	Милорад Јовановски	претседател	Елаборат за прекатегоризација, класификација и пресметка на рудни резерви на минерална суровина градежно-технички камен (калциски мермер) на локалитетот „Цуцул - Говрлевска краста“	9.500
			Елаборат за прекатегоризација на рудни	13.250

		претседател	резерви на минерална суровина - оникс и правертин на концесискиот простор за експлоатација „с. Манастир“, општина Прилеп	
4	Димитар Петров	претседател	Проект за детални геолошки истражувања на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот „Мерите“ општина Штип на локација на Пеком инженеринг увоз-извоз ДООЕЛ Штип	9.500
		член	Проект за детални геолошки истражувања - доистражувања на концесискиот простор Сокол - Тораница, односно на простор помеѓу профил 200 и профил -50	15.000
		член	Проект за детални геолошки истражувања - доистражувања на минерална суровина - руди на бакар на североисточниот дел од централното рудно поле, експлоатационо поле Бучим	15.000
5	Георги Митевски	член	Проект за детални геолошки истражувања - доистражувања на концесискиот простор Сокол - Тораница, односно на простор помеѓу профил 200 и профил -50	15.000
6	Игор Пешевски	претседател	Елаборат за прекатегоризација на рудните резерви на минералната суровина - варовник на локалитетот „с. Бороец“ - о. Струга	9.500
7	Гоше Петров	претседател	Елаборат за прекатегоризација на рудните резерви на минерална суровина травертини и оникс на локалитетот „ГУЛАБОВА ПЕШТЕРА“, с. Бешиште, општина Прилеп	13.250
8	Марјан Делипетров	претседател	Проект за основни геолошки истражувања на геотермалниот потенцијал во Република Северна Македонија	17.000
9	Ѓорѓи Димов	член	Проект за основни геолошки истражувања на геотермалниот потенцијал во Република Северна Македонија	15.000
10	Горан Тасев	член	Проект за основни геолошки истражувања на геотермалниот потенцијал во Република Северна Македонија	15.000
			ВКУПНО	190.250

7. Издавање на геолошка документација

Согласно Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид во податоците од геолошкиот информативен систем, како и за користење на резултатите од геолошките истражувања („Службен весник за Република Македонија“ бр. 200/14 и 137/15) во 2020 година реализирани се 5 барања и остварен е приход во износ од 294.275 денари.

Реализацијата по Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид во податоците од геолошкиот информативен систем, како и за користење на резултатите од геолошките истражувања е прикажана во Табела бр. 5.

Табела бр. 5 Реализирани барања на користење на услуги по Тарифник во 2020 година

РБ	Барател	Вид на геолошка документација	Износ
1	Силекс АД Кратово Гоце Делчев 70	Свиларе	37.100
2	Силекс АД Кратово Гоце Делчев 70	Строиманци	21.425
3	ЈНУ Институт за земјотресно инженерство и инежерска сеизмологија	Геолошки карти	207.800
4	КО ФИКС ДООЕЛ Студеничани	Елаборат Пагаруша	11.550
5	Комунално јавно претпријатие за комунални дејности Крушево	ОХГК лист Крушево	16.400
		ВКУПНО	**294.275**

8. Научни геолошки истражувања

Согласно член 7 од Законот за минерални суровини, вршењето на научните геолошки истражувања е регулирано со издавање на согласност за научни геолошки истражувања од стана на Заводот. Во 2020 година нема поднесено барања за вршење на научни геолошки истражувања од правни и физички лица.

9. Национална инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија (НИПП)

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/16), Заводот стана член на Советот на национална инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија (НИПП).

Во рамките на овој проект Заводот зема активно учество, врши обработка и подготовка на геолошките податоци со цел навремено и соодветно ставање на истите во функција на користење и нивно усогласување со националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија (НИПП). Во 2020 година поради пандемијата предизвикана од корона вирус се организираа неколку обуки и советувања преку ЗООМ платформата (online) на кои вработените од Заводот земаа учество и придонесоа до поквалитетно функционирање и организирање на просторните податоци на НИПП порталот. Исто така, Директорот на Заводот учествуваше на седници на Советот на НИПП каде беа донеси разни одлуки во однос на функционирањето на НИПП.

10. Меѓународни активности

Учеството во работата на Генералното собрание на Асоцијацијата на европски геолошки заводи (EuroGeoSurveys, The Geological Surveys of Europe) каде се донесуваат многу значајни работни, статутарни и финансиски одлуки и се разгледуваат разни информации, извештаи, проекти, работни програми и други стратешки документи, кои се однесуваат на досегашно работењето на "EuroGeoSurveys" како и останатите меѓународни активности во 2020 година се ставени во мирување поради пандемијата предизвикана од корона вирусот. Меѓутоа, Заводот и покрај пандемијата даде свој придонес во функционирањето на Асоцијацијата преку активно учество на online состаноци, како и генерални собранија кои се организирани на база на online дискусија и гласање преку соодветни online формулари.

11. Меморандуми за соработка

Со цел спроведување на активности и размену знаење, искуства и податоци од областа на геонауките, соработка на поле на размена на научно-технички персонал, Заводот има потпишано меморандуми за научно техничка соработка и разбирање со: Хрватскиот геолошки институт - Хрватска геолошка служба, Геолошкиот завод на Словенија, Федералниот завод за геологија - Босна и Херцеговина, Федерација Босна и Херцеговина, Републичкиот завод за геолошки истражувања на Република Српска, Босна и Херцеговина, Геолошкиот завод на Република Албанија, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, Државниот завод за ревизија и Универзитетот „Гоце Делчев" Штип.

Соработката продолжи и во 2020 година преку размена на идеи и креирање иницијативи за заедничко учество во меѓународни проекти кои се од регионално значење на Балканот.

III. ФИНАНСИСКИ ДЕЛ

12. Спроведени јавни набавки во 2020 година

Во Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија (Бр. 05-33/1 од 24.01.2020 година) реализирани се сите планирани јавни набавки.

Во Табела бр. 6 прикажани е реализацијата на јавните набавки во 2020 година.

Табела бр. 6 Реализирани јавни набавки во 2020 година

РБ	Предмет на јавна набавка	Носител на набавка	Вкупен износ по договор (денари)
1.	Изработка на Основна хидрогеолошка карта во размер 1:100 000, лист Качаник (III фаза реализација)	Градежен институт Македонија АД Скопје	1.198.880
2.	Проект за дигитално архивирање на геолошка документација	Трговско друштво за производство, промет и услуги ГДи експорт-импорт ДООЕЛ Скопје	84.960
3.	Гориво за моторни возила	Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз - извоз ДООЕЛ с. Пласница, Пласница	247.800
4	Лиценци за антивирус заштита	Трговско друштво за производство, промет и услуги КАБТЕЛ ДООЕЛ Скопје	40.268
5.	Тонери и кертрици	Друштво за трговија и услуги АПОЛО Ратко ДООЕЛ експорт - импорт Скопје	48.887
		Кони-Копи Доо Скопје	9.393
6.	Електрична енергија - заедничка потрошувачка	ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ Скопје, Друштво за снабдување со електрична енергија	169.565
7.	Одржување на електрична инсталација	Друштво за управување со имоти ФМС ДООЕЛ Скопје	14.514
8.	Одржување на уреди за непрекинато напојување на зграда	Друштво за производство, трговија и услуги СПС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	33.866

Сите постапки за јавни набавки се спроведуваат по електронски пат и навремено се исполнуваат обврските за евиденција и известувања во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) на Бирото за јавни набавки.

Согласно член 23 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/13, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18) Заводот врши набавка на комуникациски услуги - фиксна и мобилна телефонија, набавка на услуги за резервација на авиобилети и билети за железничкиот сообраќај, службени патувања во странство како и за услуги за тековно одржување на деловни простории преку Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, како услуги за посредување и услуги со надоместок за кои е склучен договор.

13. Финансиско работење во 2020 година

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година во раздел 10001 - Министерство за економија, програма 21 - Геолошки завод, на сметката 603, одобрени се средства за работа во вкупен износ од 18.208.000 денари. Со Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 211/19) основниот буџет на Заводот на сметка 100016189160315 е на износ 16.285.000 денари.

На сметка 100016189178712 - расходи од самофинансирачки активности одобрените средства во износ од 1.200.000 денари се во ист износ и по ребалансот на Буџетот на Република Северна Македонија.

Сметководствено - финансиските работи за Заводот ги извршува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, согласно склучен Договор за вршење општи и заеднички работи и услуги за 2019 година (Бр. 03-35/2 од 25.01.2019 година).

Поединечно, по ставки, со состојба 31.12.2019 година, прегледот на реализација на Буџетот на Заводот за 2019 година е даден во Табела бр. 5. Истиот е реализиран во износ од 13.472.170 денари или изразено во проценти 73,85 %.

Табела бр. 5 Финансиски показатели за реализација на Буџетот на Заводот со состојба на ден 31.12.2019 година за сметка 100016189160315

РБ	Ставка	Буџет 2019	Буџет 2019 (по ребаланс)	Реализација	Процент на реализација (%) во однос на ребаланс
1	401	6.430.000	5.358.000	5.195.201	96,96
2	402	2.378.000	2.027.000	1.967.537	97,07
3	420	800.000	800.000	619.685	77,46
4	421	1.200.000	1.150.000	726.800	63,20
5	423	300.000	300.000	122.052	40,68
6	424	400.000	400.000	297.784	74,45
7	425	1.500.000	1.000.000	824.745	82,47
8	426	1.200.000	1.200.000	963.100	80,26
9	464	0	50.000	21.579	43,16
10	480	100.000	100.000	82.232	94,61
11	483	300.000	300.000	0	0
12	485	3.600.000	3.600.000	2.974.735	82,63
ВКУПНО		18.208.000	16.285.000	13.795.450	84,71

За вработените во Заводот исплатени се бруто плати во износ од 7.162.738 денари, што претставува 96,99% реализација во однос на Буџетот, средства кои се прикажани на ставка 401 и 402.

За патните и дневни расходи се реализирани 619.685 денари, што претставува 77,46% реализација во однос на Буџетот, а истите се прикажани на ставка 420.

За комунални услуги, греење, комуникација и транспортни услуги, се реализирани 726.800 денари што претставува 63,20% реализација во однос на Буџетот, а истите се прикажани на ставка 421.

За материјали и ситен инвентар потрошени се 122.052 денари или 40,68% реализација во однос на Буџетот, кои се прикажани на ставка 423.

За поправки и тековно одржување реализирани се 297.784 денари или изразено во проценти 74,45% реализација во однос на Буџетот, кои се прикажани на ставка 424.

За реализацијата на договорните услуги потрошени се 824.745 денари што претставува 82,47% реализација во однос на Буџетот, прикажано на ставка 425. Најголем дел на реализацијата се должи на исплатата на надворешни членови – експерти за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација кои не се вработени во органите на државната управа.

За други тековни расходи реализирани се 963.100 денари што претставува 80,26% реализација во однос на Буџетот, и истите се прикажани на ставка 426.

За тонери и кертрици потрошени се 82.232 денари. Трошоците се прикажани на ставка 480 со реализацијата од 94,61% во однос на Буџетот.

За вложувања и нефинансиски средства реализирани се 2.974.735 денари по Програмата за основни геолошки истражувања за 2019 година, за изработка на Основна хидрогеолошка карта на Република Македонија во размер 1 : 100 000, лист Качаник (II фаза на реализација). Реализацијата е на ставка 485 е 82,63% во однос на Буџетот на Заводот.

На сметката 1000161891078712 остварен е приход во износ од 630.669 денари по основ на користење услуги по Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид во податоците од геолошкиот информативен систем, како и за користење на резултатите од геолошките истражувања („Службен весник за Република Македонија“ бр. 200/14 и 137/15).